ПРАВИЛНИК
ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ИЗДАДЕНА ДИПЛОМА, ОДНОСНО СТЕКНАТ СТРУЧЕН ИЛИ НАУЧЕН НАЗИВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 13.10.2021 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-815/1
13.10 2021 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на член 156 од Законот за високо образование („Служен весник на РМ" бр.82/18), Универзитетскиот сенат, на 97-та седница одржана на ден 13.10.2021 година, го донесе следниов:

ПРАВИЛНИК

за одземање на издадена диплома,

односно стекнат стручен или научен назив,

на Европски Универзитет Скопје

Член 1

Со овој Правилник поблиску се уредуваат условите и начинот на кој се одзема издадената диплома, односно стекнат стручен или научен назив, на Прв, Втор и Трет циклус студии, од Европски Универзитет Скопје (во продолжение: Универзитетот).

Член 2

На студент на кој му е издадена диплома, односно се стекнал со стручен или научен назив, на Прв, Втор и Трет циклус студии на Универзитетот, можат да му се одземат истите, ако се утврди дека:

- документите со кои конкурирал за упис на Универзитетот се фалсификувани;
- не ги исполнувал условите за добивање статус на студент на соодветната високообразовна установа, односно немал завршено средно образование, во моментот кога конкурирал за упис на Универзитетот;
- не ги исполнувал условите и критериуми за запишување, утврдени со Законот за високо образование, Правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на сите циклуси на студиии на Универзитетот, конкурсот

за запишување студенти на Универзитетот и другите општи акти на Универзитетот или единицата на Универзитетот;

- се прекршени условите и постапката за стекнување на стручен или научен назив, утврдени со Законот за високо образование, Статутот, Правилниците и другите општи акти на Универзитетот или единицата на Универзитетот, кои што го регулираат начинот и режимот на студирање на сите три циклуси на студии и се здобил со стручен или научен назив спротивно на истите;
- некои од положените испити се кривотворени и неовластено се внесени во индексот и/или пријавата за испит од самиот студент или некое друго лице;
- за положените испити нема документација дека се соодветно пријавени и полагани, согласно Законот, Статутот и општите акти на Универзитетот или единицата на Универзитетот;
- дипломскиот, специјалистичкиот, магистерскиот труд или докторската дисертација е плагијат и не претставува самостоен научен труд;
- е сторен прекршок или кривично дело, поврзани со издавањето на диплома, односно стекнувањето стручен или научен назив на одредена единица на Универзитетот.

Член 3

Постапката за одземање на издадена диплома, односно стекнат стручен или научен назив, на Прв, Втор и Трет циклус студии се води на Универзитетот.

Член 4

Одземање на издадена диплома, односно стекнат стручен или научен назив, може да предложи секое лице, со доставување на образложена претставка до Ректорската управа, заверена во Правната служба на Универзитетот.

Член 5

На првата наредна седница, Ректорската управа ја разгледува доставената претставка.

Откако ќе ги испита сите наводи во претставката, во рок од 10 (десет) дена, донесува конечна Одлука во врска со одземањето на издадената диплома, односно стекнатиот стручен или научен назив.

Член 6

Доколку Ректорската управа донесе Одлука за одземање на издадената диплома, односно стекнатиот стручен или научен назив, Правната служба на Универзитетот, во рок од 3 (три) дена, го известува студентот, образложувајќи ги причините за таквата Одлука.

Член 7

Студентот, во рок од 5 (пет) дена, може да поднесе жалба по Одлуката на Ректорската управа, до Универзитетскиот сенат.

По однос на жалбата, Универзитетскиот сенат треба да се произнесе, во рок од 15 (петнаесет) дена.

Член 8

Доколку Универзитетскиот сенат ја потврди Одлуката на Ректорската управа за одземање на издадената диплома, најдоцна во рок од 7(седум) дена, истата се објавува во „Универзитетскиот билтен“ и во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 9

Во книгата на дипломирани, магистрирани и докторирани студенти, во секцијата „забелешка“ се нотира дека издадената диплома е одземена и неважечка, согласно со бројот на Одлуката на Ректорската управа и бројот на Одлуката на Универзитетскиот сенат, доколку во случај на жалба, Универзитетскиот сенат ја потврди истата.

Член 10

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 11

За измени и доплонувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 12

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на
Универзитетски
сенат:
Вонреден проф. д-р Ѓорѓи Сламков